# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

27.01.2023 година

бр.1 година 58
Ресен



Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk


## АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за извештајниот период 01.01.2022 година - 31.12.2022 година (четврт квартал)

Се објавува Заклучокот по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за извештајниот период 01.01.2022 година - 31.12.2022 година (четврт квартал), што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 25.01.2023 година.

Бр.09-267/1 Градоначалник
27.01.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), а во врска со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 25.01.2023 година, откако го разгледа Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за извештајниот период 01.01.2022 година - 31.12.2022 година (четврт квартал), го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за извештајниот период 01.01.2022 година - 31.12.2022 година (четврт квартал)

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 158/5 Претседател
25.01.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

Образец К1

# Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Ресен за извештајниот период(кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година

**Општина:** Ресен

**Извештаен период: од** 01.01.2022 **година до** 31.12.2022 **година**

**Датум на поднесување на извештајот:** 20.01.2023

| Приходи - квартал 4 | Буџет за 2022 година | | Наменска дотација за 2022 година | | Самофинансирачки активности за 2022 година | | Донации за 2022 година | | Кредити за 2022 година | | Вкупно за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | Останато за реализација до крај на 2022 година | % |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 117.415.065 | 107.119.817 | 183.004.649 | 171.957.314 | 8.846.000 | 3.764.911 | 33.898.574 | 14.208.532 | 0 | 0 | 343.164.288 | 297.050.574 | 46.113.714 | 86,56 |
| ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 96.856.793 | 86.314.414 | 181.661.297 | 170.877.871 | 7.106.000 | 3.507.548 | 11.402.109 | 5.877.080 | 0 | 0 | 297.026.199 | 266.576.913 | 30.449.286 | 89,75 |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 6.228.827 | 1.401.668 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.228.827 | 1.401.668 | 4.827.159 | 22,50 |
| ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 26.787.099 | 20.317.428 | 1.343.352 | 1.079.443 | 1.740.000 | 99.868 | 22.496.465 | 8.331.452 | 0 | 0 | 52.366.916 | 29.828.191 | 22.538.725 | 56,96 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | | Даночни приходи | 55.598.800 | 57.258.796 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55.598.800 | 57.258.796 | -1.659.996 | 102,99 |
| | 711 | ДАНОК ОД ДОХОД,ОД ДОБИВКА И ОД КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ | 4.100.000 | 3.994.975 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.100.000 | 3.994.975 | 105.025 | 97,44 |
| | 713 | ДАНОЦИ НА ИМОТ | 23.200.000 | 22.788.005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.200.000 | 22.788.005 | 411.995 | 98,22 |
| | 717 | ДАНОЦИ НА СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ | 27.898.800 | 30.441.715 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.898.800 | 30.441.715 | -2.542.915 | 109,11 |
| | 718 | ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 400.000 | 34.101 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 34.101 | 365.899 | 8,53 |
| 72 | | Неданочни приходи | 4.211.368 | 3.441.483 | 0 | 0 | 8.846.000 | 3.764.911 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.057.368 | 7.206.394 | 5.850.974 | 55,19 |
| | 721 | ПРЕТПРИЕМАЧКИ ПРИХОД И ПРИХОД ОД ИМОТ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 199 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 199 | -199 | 0,00 |
| | 722 | ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 1.210.000 | 1.352.224 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.210.000 | 1.352.224 | -142.224 | 111,75 |
| | 723 | АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 100.000 | 91.850 | 0 | 0 | 8.484.000 | 3.683.826 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.584.000 | 3.775.676 | 4.808.324 | 43,99 |
| | 724 | ДРУГИ ВЛАДИНИ УСЛУГИ | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 | 0,00 |
| | 725 | ДРУГИ НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 2.801.368 | 1.997.409 | 0 | 0 | 362.000 | 80.886 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.163.368 | 2.078.295 | 1.085.073 | 65,70 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 74 | | Трансвери и донации | 57.604.897 | 46.419.538 | 183.004.649 | 171.957.314 | 0 | 0 | 33.898.574 | 14.208.532 | 0 | 0 | 274.508.120 | 232.585.384 | 41.922.736 | 84,73 |
| | 741 | ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 57.604.897 | 46.419.538 | 183.004.649 | 171.957.314 | 0 | 0 | 0 | 679.012 | 0 | 0 | 240.609.546 | 219.055.864 | 21.553.682 | 91,04 |
| | 742 | ДОНАЦИИ ОД СТРАНСТВО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32.465.574 | 12.868.471 | 0 | 0 | 32.465.574 | 12.868.471 | 19.597.103 | 39,64 |
| | 744 | Трансвери и донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.433.000 | 661.049 | 0 | 0 | 1.433.000 | 661.049 | 771.951 | 46,13 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | | Капитални приходи | 6.228.827 | 1.401.668 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.228.827 | 1.401.668 | 4.827.159 | 22,50 |
| | 731 | ПРОДАЖБА НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 | 0,00 |
| | 733 | ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА | 6.198.827 | 1.401.668 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.198.827 | 1.401.668 | 4.797.159 | 22,61 |

**Образложение**

| | | Расходи - квартал 4 | Буџет за 2022 година | | Наменска дотација за 2022 година | | Самофинансирачки активности за 2022 година | | Донации за 2022 година | | Кредити за 2022 година | | Вкупно за 2022 година | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | План | Реализација за 4 квартал | Останато за реализација до крај на 2022 година | % |
| 40 | | Плати и надоместоци | 49.974.393 | 46.704.544 | 148.207.808 | 142.017.050 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 198.182.201 | 188.721.594 | 9.460.607 | 95,23 |
| | 401 | Основни плати | 31.902.293 | 30.479.252 | 106.372.126 | 102.123.697 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 138.274.419 | 132.602.949 | 5.671.470 | 95,90 |
| | 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 13.317.200 | 12.013.138 | 41.735.682 | 39.893.353 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55.052.882 | 51.906.491 | 3.146.391 | 94,28 |
| | 404 | Надоместоци | 4.754.900 | 4.212.154 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.854.900 | 4.212.154 | 642.746 | 86,76 |
| 41 | | РЕЗЕРВНИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 700.000 | 282.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 282.000 | 418.000 | 40,29 |
| | 412 | постојана резерва( непредвидливи расходи) | 600.000 | 240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 240.000 | 360.000 | 40,00 |
| | 413 | тековни резерви разновидни расходи | 100.000 | 42.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 42.000 | 58.000 | 42,00 |
| 42 | | Стоки и услуги | 35.364.666 | 29.021.205 | 31.328.801 | 26.825.022 | 7.020.000 | 3.437.388 | 10.862.009 | 5.605.410 | 0 | 0 | 84.575.476 | 64.889.025 | 19.686.451 | 76,72 |
| | 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | 640.000 | 349.303 | 40.000 | 18.000 | 204.500 | 53.971 | 1.391.342 | 388.008 | 0 | 0 | 2.275.842 | 809.282 | 1.466.560 | 35,56 |
| | 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 18.835.016 | 17.246.972 | 14.075.494 | 13.544.445 | 502.500 | 223.366 | 484.759 | 319.198 | 0 | 0 | 33.897.769 | 31.333.981 | 2.563.788 | 92,44 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.205.000 | 556.499 | 1.760.904 | 1.635.890 | 4.019.500 | 2.392.244 | 707.273 | 582.652 | 0 | 0 | 7.692.677 | 5.167.285 | 2.525.392 | 67,17 |
| | 424 | поправка и тековно одршување | 4.169.000 | 2.552.491 | 10.053.818 | 6.564.014 | 1.056.500 | 120.234 | 277.466 | 159.690 | 0 | 0 | 15.556.784 | 9.396.429 | 6.160.355 | 60,40 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 425 | договорни услуги | 2.461.000 | 1.237.984 | 5.150.585 | 4.824.077 | 797.000 | 526.375 | 5.035.040 | 2.176.177 | 0 | 0 | 13.443.625 | 8.764.613 | 4.679.012 | 65,20 |
| | 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 5.894.650 | 4.918.080 | 248.000 | 238.596 | 350.000 | 121.198 | 1.177.500 | 293.000 | 0 | 0 | 7.670.150 | 5.570.874 | 2.099.276 | 72,63 |
| | 427 | Привремени вработувања | 2.160.000 | 2.159.876 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 1.788.629 | 1.686.685 | 0 | 0 | 4.038.629 | 3.846.561 | 192.068 | 95,24 |
| 45 | | КАМАТИ | 100.000 | 71.403 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 71.403 | 28.597 | 71,40 |
| | 452 | КАМАТИ ПО СТРАНСКИ КРЕДИТИ | 100.000 | 71.403 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 71.403 | 28.597 | 71,40 |
| 46 | | Субвенции и трансвери | 6.957.000 | 6.681.619 | 2.124.688 | 2.035.799 | 86.000 | 70.160 | 540.100 | 271.670 | 0 | 0 | 9.707.788 | 9.059.248 | 648.540 | 93,32 |
| | 463 | трансвер до невладини организации | 1.145.000 | 939.720 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.145.000 | 939.720 | 205.280 | 82,07 |
| | 464 | Разни трансвери | 5.812.000 | 5.741.899 | 2.124.688 | 2.035.799 | 86.000 | 70.160 | 540.100 | 271.670 | 0 | 0 | 8.562.788 | 8.119.528 | 443.260 | 94,82 |
| 47 | | Социјални бенифиции | 660.000 | 565.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 660.000 | 565.640 | 94.360 | 85,70 |
| | 471 | социјални надоместоци | 660.000 | 565.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 660.000 | 565.640 | 94.360 | 85,70 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 3.100.734 | 2.988.003 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.100.734 | 2.988.003 | 112.731 | 96,36 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 3.100.734 | 2.988.003 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.100.734 | 2.988.003 | 112.731 | 96,36 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | | Капитални расходи | 26.787.099 | 20.317.428 | 1.343.352 | 1.079.443 | 1.740.000 | 99.868 | 22.496.465 | 8.331.452 | 0 | 0 | 52.366.916 | 29.828.191 | 22.538.725 | 56,96 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 720.000 | 131.004 | 971.352 | 812.184 | 323.000 | 81.437 | 4.547.920 | 799.867 | 0 | 0 | 6.562.272 | 1.824.492 | 4.737.780 | 27,80 |
| | 482 | други градежни објекти | 26.057.099 | 20.186.424 | 260.000 | 155.344 | 0 | 0 | 11.695.797 | 4.761.274 | 0 | 0 | 38.012.896 | 25.103.042 | 12.909.854 | 66,04 |
| | 483 | Купување на мебел | 10.000 | 0 | 72.000 | 71.915 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 127.000 | 71.915 | 55.085 | 56,63 |
| | 485 | други нефинансиски средства | 0 | 0 | 40.000 | 40.000 | 32.000 | 18.431 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72.000 | 58.431 | 13.569 | 81,15 |
| | 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.340.000 | 0 | 6.252.748 | 2.770.311 | 0 | 0 | 7.592.748 | 2.770.311 | 4.822.437 | 36,49 |

**Образложение**

**Лице за контакт**

**Овластено лице(печат и потпис):**

**Име и презиме и тел.број:** **Елена Стојановска Радевска 047 551 485**

## Образец К2
## Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски

**Општина :** Ресен
**Квартал :** од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година
**Датум на поднесување на извештајот:** 10.01.2023
ден, месец, година

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | Вкупно | |
| Јануари | 4.106.490 | | 24.915.838 | 29.293.474 | **54.209.312** | **58.315.802** |
| Февруари | 3.309.561 | | 24.915.838 | 32.578.671 | **57.494.509** | **60.804.070** |
| Март | 5.386.303 | | 24.915.838 | 30.758.662 | **55.674.500** | **61.060.803** |
| Април | 6.225.101 | | 24.619.147 | 30.887.650 | **55.506.797** | **61.731.898** |
| Мај | 3.724.719 | | 24.136.719 | 34.513.306 | **58.650.025** | **62.374.744** |
| Јуни | 3.632.321 | | 24.127.712 | 34.290.667 | **58.418.379** | **62.050.700** |
| Јули | 3.296.802 | | 23.704.552 | 33.044.875 | **56.749.427** | **60.046.229** |
| Август | 4.341.743 | | 23.275.191 | 31.017.891 | **54.293.082** | **58.634.825** |
| Септември | 3.170.361 | | 22.809.665 | 33.116.879 | **55.926.544** | **59.096.905** |
| Октомври | 4.466.157 | | 22.883.955 | 29.855.492 | **52.739.447** | **57.205.604** |
| Ноември | 7.496.526 | | 22.782.081 | 26.918.926 | **49.701.007** | **57.197.533** |
| Декември | 4.909.536 | | 19.750.401 | 35.144.028 | **54.894.429** | **59.803.965** |

**Образложение :**

**Во образецот К2 кој се однесува за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, искажани се обврски во вкупен износ од 59.803.965,00 денари**

**Износот на утужени обврски од 19.750.401,00 прикажан на расходна ставка 464.**

**Друга поголема ставка во К2 образецот е ставката 421 со износ од 9.639.039,00 ден. во кој е и долгот на Општина Ресен кон ЕЛЕМ А.Д. Долгот не е утужен од причина што за тој долг е склучена Спогодба помеѓу Општина Ресен и ЕЛЕМ А.Д. Македонија. Во расходна ставка 421 ЕЛЕМ А.Д. Македонија учествува со износ од 7.119.022,00 ден. и истиот е со дата на пресек 31.12.2022 година.**

**Расходното ставка 423 на износ од 3.069.844,00, денари се однесува на неплатени обврски од набавка на материјали и ситен инвентар**

**Расходната ставка 424 на износ од 2.379.749,00 денари се однесува на обврски од поправка и тековно одржување**

**Расходната ставка 425 на износ од 2.697.213,00 денари се однесува на обврски по основ на договорни услуги**

**Расходната ставка 426 на износ од 3.838.882,00 денари се однесува на обврски по основ на други тековни расходи**

**Расходната ставка 427 на износ од 58.422,00 денари се однесува на обврски по основ на привремени вработувања**

**Расходната ставка 482 на износ од 15.349.352,00 денари се однесува на обврски по основ на други градежни објекти.**

Лице за контакт :
Име и презиме и тел. број: Митко Митревски 071 522 986

*(во денари)*

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | 97.500 |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | **9.639.039** |
| 423 | **3.069.844** |
| 424 | **2.379.749** |
| 425 | **2.697.213** |
| 426 | **3.838.882** |
| 427 | **58.422** |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | **1.275.607** |
| 464 | **19.750.401** |
| 465 | |
| 471 | **63.000** |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | **1.068.146** |
| 481 | |
| 482 | **15.349.352** |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | **514.729** |
| 486 | **2.081** |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **59.803.965** |

Овластено лице ( печат потпис)

______________________

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** Ресен

**Извештаен период :** од **01.01.2022 година** до **31.12.2022 година**
( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот** **10.01.2023**
( ден, месец, година)

**Долг на општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | МСИП2-НЦБ-006-19 | Проект за подобрување на опш услуги-Реконструкција на улици во градот Ресен | Меѓународна Банка за обнова и развој-Светска Банка | МКД | 29.525.906 | 2% | 13 години | 3 години | | не | **в** | 2022 година | 2031 година | 2019 година | 2031 година | 2.952.592 МКД | 71.403 МКД | 10.09.2022 година | 2.988.003 МКД | 71.403 МКД | 15.12.2022 година | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Даниела Апостоловска, 047 551 765

Овластено лице (печат и потпис):

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за задолжување на Општина Ресен со заем од Развојната банка на Северна Македонија за реализација на проекти од ИПА компонентата за прекугранична соработка

Се објавува Одлуката за задолжување на Општина Ресен со заем од Развојната банка на Северна Македонија за реализација на проекти од ИПА компонентата за прекугранична соработка, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 25.01.2023 година.

Бр.09-267/2 Градоначалник
27.01.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 16 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 151/21) и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на 23 -та седница одржана на ден 25.01.2023 година ја донесе следната,

О Д Л У К А
за задолжување на Општина Ресен со заем од Развојната банка на Северна Македонија за реализација на проекти од ИПА компонентата за прекугранична соработка

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за задолжување на Општина Ресен кај Развојната банка на Северна Македонија, во вкупен износ од 11.150.000,00 денари, за финансирање на капиталните проекти:

- „Јакнење на културно-туристички производи во прекуграничната област на Преспа преку промоција на природно и културно наследство ( скратено

Света Вода) кој треба да се реализира преку ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична програма Грција - РС Македонија 2014-2020 , CCI 2014 TC 16I5CB 009, каде Општина Ресен има потпишано Договор со Телото за управување, Заеднички Секретаријат на ИНТЕРРЕГ – ИПА Програмата при Министерството за развој и инвестиции на Република Грција бр.CN1-S.O.2.1- SC040 бр. 17-856/3 од 12.08.2019 година а во врска со Договорот за партнерство бр. 17-856/1 од 16.04.2019 година со износ од 4.900.000,00 денари и

- „ Интеграција на Зелен транспорт во Градовите“ (скратено Зелен транспорт) кој треба да се реализира преку ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична програма Грција - РС Македонија 2014-2020, CCI 2014 TC 16I5CB 009, каде Општина Ресен има потпишано договор со Телото за управување, Заеднички Секретаријат на ИНТЕРРЕГ – ИПА Програмата при Министерството за развој и инвестиции на Република Грција бр.CN1-S.O.2.1- SC039 бр. 17-1309/2 од 12.08.2019 година а во врска со Договорот за партнерство бр. 17-1309/1 од 24.06.2019 година со износ од 6.250.000,00 денари.

Член 2

Рокот на отплата на заемот од членот 1 од оваа одлука е максимум 2 (две) години, со вкучен грејс период од 6 (шест) месеци и каматна стапка од 5,75% годишно.

Член 3

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од оваа одлука се утврдуваат со Договор кој ќе се склучи меѓу Општина Ресен и Развојната банка на Северна Македонија.

Во име на Општина Ресен, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише Градоначалникот на Општина Ресен.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ресен“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 158/6
25.01.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одредување на вредноста на градежно земјиште за градот Ресен и селата во Општина Ресен и за одредување на вредноста на земјоделското земјиште по катастарски општини

Се објавува Одлуката за одредување на вредноста на градежно земјиште за градот Ресен и селата во Општина Ресен и за одредување на вредноста на земјоделското земјиште по катастарски општини, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 25.01.2023 година.

Бр.09-267/3 | Градоначалник
27.01.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен Гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015), член 12 и 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен Весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014) и Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Ресен бр.08-187/6 од 29.01.2016 година („Службен Гласник на Општина Ресен“ бр.2/2016), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 25.01. 2023 година, донесе

О Д Л У К А

за одредување на вредноста на градежно земјиште за
градот Ресен и селата во Општина Ресен и за одредување на вредноста на
земјоделското земјиште по катастарски општини

Член 1

Со оваа Одлука се одредува вредноста на градежното земјиште за градот Ресен и селата во Општина Ресен и вредноста на земјоделско земјиште по катастарски општини.

Член 2

Пресметката на вредноста на градежното земјиште во градот Ресен во зависност од зоната се изготвува согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен Весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014), а пресметката на вредноста на земјоделското земјиште во зависност од културата, класата и катастарската општина се изготвува согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен Весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014). .

Член 3

Цената за метар квадратен градежно земјиште во Ресен према зонирањето ќе се пресметува:

**Во Ресен**

**1.** Градежно земјиште

**Зона 1.**

-подзона 1.1...................3.100,00 ден./м²

-подзона 1.2...................2.150,00 ден./м²

**Зона 2**.............................1.250,00 ден./м²

**Зона 3**................................310,00 ден./м²

**2**. Градежно земјиште за општа употреба:

**Зона 1.**

-подзона 1.1...................1.200,00 ден./м²

-подзона 1.2...................1.000,00 ден./м²

**Зона 2**...............................300,00 ден./м²

**Туристички населби, вилски населби и сите приобални делови надвор од населени места:** Асамати, Претор, Крани, Сливница, Д.Дупени, Сирхан Отешево, Царина, Стење и Коњско – цена 1.845,00 ден./м².

**Во селата** и тоа:

-1. група: Асамати, Претор, Крани, Д.Дупени, Брајчино, Љубојно, Штрбово, Сливница, Наколец, Царев Двор, Јанковец, Стење и Коњско - цена 930,00 ден./м².

-2. група: Арвати, Курбиново, Подмочани, Грнчари, Долна Бела Црква, Горна Бела Црква, Козјак, Сопотско, Дрмени, Езерани, Перово, Волкодери, Покрвеник, Шурленци и Избиште - цена 615,00 ден./м².

-3. група: Евла, Г.Дупени, Болно, Златари, Крушје, Стипона, Петрино, Лавци, Прељубје, Лескоец, Рајца, Отешево, Кривени, Лева Река и Илино - цена 310,00 ден./м².

Член 4

Вредноста на земјоделското земјиште за катастарски општини на Ресен и селата изразени во денари, по м², ќе се пресметува по таблицата за проценка на земјоделското земјиште што е составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи одлуката за одредување на вредноста на градежно неизградено земјиште за градот Ресен и селата во Општина Ресен и за одредување на вредноста на земјоделското земјиште по катастарски општини, бр.08-181/4 од 28.01.2022 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 158/7
25.01.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# ТАБЛИЦА

## ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

денари x 1м2

I.Ресен, Јанковец, Царев Двор, Дрмени, Езерани, Горна Бела Црква, Козјак, Долна Бела Црква, Перово, Покрвеник, Волкодери, Наколец, Асамати, Избишта, Шурленци, Грнчари, Подмочани

| КУЛТУРА | КЛАСА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I. | II. | III | IV. | V. | VI. | VII. | VIII. |
| Ниви | 90,00 | 81,00 | 72,90 | 65,70 | 59,10 | 53,10 | 47,80 | 42,30 |
| Овошна градина | 180,00 | 162,00 | 145,80 | 131,20 | 118,10 | 106,20 | / | / |
| Интензивна овошна градина | 225,00 | 202,50 | 182,30 | 164,00 | 147,60 | 132,80 | / | / |
| Лозја | 117,00 | 105,30 | 94,70 | 85,30 | 76,80 | 69,10 | / | / |
| Ливади | 54,00 | 48,60 | 44,00 | 39,30 | 35,40 | 31,90 | 28,60 | / |
| Пасишта | 45,00 | 40,50 | 36,50 | 32,70 | 29,50 | 26,50 | 23,80 | 21,40 |
| Шуми | 30,00 | 27,00 | 24,30 | 21,90 | 19,70 | 17,70 | 16,00 | 14,40 |
| Трска | 10,00 | 9,00 | 8,10 | 7,30 | 6,50 | 5,80 | 5,20 | 4,50 |

II. Стење, Прељубје, Евла, Горно Дупени, Болно, Лавци, Долно Дупени, Штрбово, Крани, Арвати, Сливница, Рајца, Курбиново, Сопотско, Кривени, Љубојно, Претор

| КУЛТУРА | КЛАСА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I. | II. | III | IV. | V. | VI. | VII. | VIII. |
| Ниви | 72,00 | 64,80 | 58,30 | 52,50 | 47,20 | 42,50 | 36,00 | 31,50 |
| Овошна градина | 135,00 | 121,50 | 109,30 | 98,10 | 88,50 | 79,60 | / | / |
| Интензивна овошна градина | 180,00 | 162,00 | 145,80 | 131,20 | 118,00 | 106,20 | / | / |
| Лозја | 90,00 | 81,00 | 72,90 | 65,70 | 59,10 | 23,10 | / | / |
| Ливади | 36,00 | 32,40 | 29,20 | 26,30 | 23,60 | 21,20 | 18,00 | / |
| Пасишта | 27,00 | 24,30 | 21,90 | 19,70 | 17,70 | 15,90 | 12,60 | 10,80 |

III.Крушје, Лева Река, Лескоец, Петрино, Коњско, Отешево, Брајчино, Златари, Стипона, Илино

| КУЛТУРА | КЛАСА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I. | II. | III | IV. | V. | VI. | VII. | VIII. |
| Ниви | 45,00 | 40,50 | 36,50 | 32,70 | 29,50 | 26,50 | 23,80 | 21,40 |
| Овошна градина | 90,00 | 81,00 | 72,90 | 65,70 | 59,10 | 53,10 | / | / |
| Интензивна овошна градина | 135,00 | 121,50 | 109,30 | 98,10 | 88,50 | 79,60 | / | / |
| Лозја | 63,00 | 56,70 | 51,00 | 45,90 | 41,40 | 36,90 | / | / |
| Ливади | 27,00 | 24,30 | 21,90 | 19,70 | 17,70 | 15,90 | 14,40 | 12,90 |
| Пасишта | 18,00 | 16,20 | 14,60 | 13,10 | 11,70 | 10,50 | 9,40 | 8,50 |

Забелешка: Целосно уништена парцела се цени на пониската култура (пр.овошна градина- како нива)

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за работа на Оделението за инспекциски надзор-Инспекторат за 2022 година

Се објавува Заклучокот по Извештајот за работа на Оделението за инспекциски надзор-Инспекторат за 2022 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 25.01.2023 година.

Бр.09-267/4 | Градоначалник
27.01.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 25.01.2023 година, откако го разгледа Извештајот за работата на Одделението за инспекциски надзор – Инспекторат за 2022 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештајот за работа на Одделението за инспекциски надзор – Инспекторат за 2022 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 158/8 | Претседател
25.01.2023 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работа на Одделението за инспекциски надзор – инспекторат за 2022 година**

Инспекциските служби во Општина Ресен со Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација, организирани се во Одделение за инспекциски надзор – инспекторат, како посебна организациона единица. Одделението ги обединува работите и работните задачи во делот на инспекцискиот надзор од надлежност на општината, ја прати состојбата на подрачјето на општината, за што изготвува информации и дава предлози за нивно решавање, се со цел заштита на јавниот интерес како и остварување на поединечните права на правни и физички лица кога не се во спротивност со јавниот интерес.

Во состав на Одделението се работите од областа на инспекцискиот надзор поврзани со градењето, комуналните дејности и заштитата на животната средина, администрирањето на локалните даноците и комунални такси, сообраќај и автотакси превозот, угостителството и туризмот, образованието и домувањето. Во составот на одделението има и еден комунален редар.

Со Одделението за инспекциски надзор – инспекторат раководи раководител – Виш инспектор кој воедно ги извршува и работните задачи на општински инспектор за животна средина.

Во моментот пополнати се следните работни места: инспектор за животна средина, инспектор за угостителство и туризмот, сообраќен инспектор, комунален инспектор и градежен инспектор. Да напоменеме дека инспекторот за сообраќај лиценцата за инспектор ја доби во месец август и со надзори започна во месец октомври. Затоа во овој извештај неговите надзори ќе бидат застапени во месеците ноември и декември. Комуналниот инспектор лиценцата за инспектор ја доби кон крајот на месец декември 2022 год. и во овој извештај нема да бидат прокажани негови надзори, додека пак градежниот инспектор сеуште нема лиценца. Во овој момент се чека известување од Инспекциски Совет за општинскиот градежен инспектор да започне со тримесечната интерактивна обука. Во периодот од месец октомври 2022 кога го доби решението за вработување како градежен инспектор до овој момент тече неговата обука под менторство на раководителот на одделението за инспекциски надзор.

Работното место од областа на даноците и образованието не се пополнети и не се опфатени во овој извештај.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА

## ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Инспекцијата за животна средина**, во 2022 година инспекцискиот надзор и мерките кои беа превземани ги спроведуваше согласно правата и обврските кои произлегуваат од следниве законски прописи:

- **Закон за инспекциски надзор** ( Сл. весник на РСМ бр.102/2019)

-**Закон за животна средина**(Сл.весник на РСМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 47/2010,124/2010, 51/2011, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015 и 39/2016),

-**Закон за управување со отпад** („Сл. Весник на РСМ„ бр.216/2021)

-**Закон за квалитет на амбиентниот воздух** (Сл.весник на РСМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15)

-**Закон за заштита од бучава во животната средина** (Сл.весник на РСМ бр.79/07, 124/2010, 47/2011 и 163/13)

-**Закон за води** (Сл.весник на РСМ бр.87/08, 161/09, 6/09, 83/2010, 51/2011, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16)

-**Закон за управување со пакување и отпад од пакување** („Сл.весник на РСМ„ бр.215/2021)

- **Закон за општата управна постапка** (Сл. весник на РСМ бр. 124/15)
- **Закон за прекршоците** ( Сл. весник на РСМ бр. 96/2019)

Со **Законот за животна средина** се уредуваат правата и должностите на Република Македонија, општините и правните и физички лица во обезбедувањето на услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Согласно овој закон општинскиот инспектор за животна средина на Општина Ресен во текот на 2022 год. ги спроведе следниве активности:

Согласно **Закон за животна средина** извршени се **18** (осумнаесет) редовни и **2** (два) вонредни надзори.

При извршување на наведените надзори составени се: **20** (дваесет) записници.

**Од Редовните надзори, 6 (шест**) се извршени во инсталации на кои Општина Ресен согласно Законот за животна средина им има издадено **Б-интегрирана еколошка дозвола. Надзорите се извршија за да се констатира дали инсталациите ги исполнуваат условите наведени во дозволите.** По извршените надзори кај две инсталации (**Дооел Био Преском-компостара и ЦД Фруит од с. Царев Двор**) се

констатира дека не извршуваат индустриски процес т.е не работаат. Кај останатите инсталации недостатоци не се констатирани **(Дооел Свислион Агроплод, Доо Леарница, ПТУ ЛТД Деалтаск, Марковски Компани Дооел-каменолом, с Илино)**

**Три од надзорите** се извршија **во автосервисите МЕТТ СЗД, Преспа СЗД и Пегасус СЗД** за да се констатира дали субјектите постапуваат со отпадните масла согласно наведеното во Елаборатите за заштита на животната средина и согласно Закон за управување со отпад. Од извршените надзори **не се констатирани недостатоци.**

**Девет од редовните надзори** се извршени во субјектите: **Доо Вита Рес**, **Трпеновски компани за подружница Автокамп Крани, Подружница Апелини, Доо Стење Текс од с.Стење, Доо Хатекс, Дооел Румко 91, Доо Јаболчело, Дооел Лејквју Ресорт т.н Отешево, Риком РН од с.Стење** за да се констатира дали субјектите ја спроведуваат програмата за заштита на животната средина која е дел од Елаборатите за животна средина за кои имаат добиено решениеја за нивно одобрување од надлежен орган - градоначалник на Општина Ресен.По извршените надзори **не се констатирани недостатоци.**

Од наведените **вонредни** надзори :

**1 (еден)** надзор е извршен кај правниот субјект **Дооел Волф** за да се констатира дали субјектот за дејноста што ја извршува има изработено и доставено до надлежен орган Елаборатот за заштита на животната средина**. Неправилности не беа констатирани.**

**1 (еден)** надзор е извршен кај правниот **Дооел Деалтаск Фреш** кој преку ИПАРД програмата има обезбедно фотоволтаици и согласно таа програма потребно е да се изврши надзор со кој ќе се констатира дали со употребата на фотоволтаиците ќе се загадува животната средина. Согласно надзорот **неправилности не беа констатирани.**

Во текот на 2022 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина извршени се надзори во **ЈКП „Пролетер„** и тоа **4** (четири) **редовни** и **7 (седум) вонредни** надзори .

Од редовните надзори **2** (два) се извршени согласно **Закон за управување со отпад** и тоа:

**1**(надзор ) е извршен за да се констатира дали ЈКП ,,Пролетер,, постапува согласно закон со отпадните масла кои се генерираат од одржување на возниот парк. **При овој надзор не се констатирани недостатоци**.

**1** (еден) надзор е извршен за да се констатира дали претпријатието ја поседува **Дозволата** за собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад и дали ги исполнува условите за безбедено собирање на отпадот со соодветни возила. Согласно овој надзор беше констатирано дека ЈКП Пролетер нема изработено **три годишна Програма за управување со отпад за периодот 2022-2023-2024** .Субјектот беше задолжен со решение да ја изработи наведената програма и да ја достави до **Стручен орган** при Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор управување со отпад. По истекот на рокот на решението се изврше контролен надзор и се констатира дека субјектот има постапено согласно решението.

Додека пак останатите **2** (два) редовни надзори се извршени согласно **Закон за води.**

Со **Законот за води** се уредуваат прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води (во натамошниот текст: води), крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите водостопанските објекти и услуги; организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите.

Извршените надзори се однесуваат на следново:

**1 (еден)** надзор над функционирањето на пречистителната станица;

**1** (**еден**) надзор над одржувањето на системот за водоснабдување.

**За извршените наздори составени се записници и при тоа не се констатирани неправилности.**

Од **7** (седумте) **вонредни** надзори, **3** (три) се извршени согласно Закон за управување со отпад и Закон за квалитет на амбиентниот воздух над депонијата Алшеви Кошари врз основа на сознание дека има појава на чад и ширење на непријатана миризба. По извршените надзори не се констатирани недостатоци но, сепак донесено е едно решение со кое **се задолжува ЈКП Пролетер редовно и континуирано да ја уредува депонијата за да се спречи појава на чад и ширење на непријатна миризба.**

**2 (два)** вонредни надзори се извршени согласно Закон за води над функционирањето на фекалниот канализационен сиситем во с.Долна Бела Црква. При извршување на едниот надзор **недостатоци не се констатирани.** Додека пак при извршување на **вториот** вонреден надзор се констатира излевање на фекалии од една од шахтите и тоа во дворот на лицето Пеце Наумовски. Се составе записник и при тоа **се издаде усна наредба** за која се донесе и **решение за потврда на усната наредба** со која на **ЈКП Пролетер му се нареде Веднаш да превземе мерки со кои ќе се спречи истекување на фекалии во животната средина.**

Останатите **два вонредни надзори** се извршени согласно Закон за управување со отпад во делот на постапување со отпад од страна на ЈКП Пролетер.

**1** (**еден**) надзор е извршен за да се констатира дали ЈКП Пролетер уредно го собира отпадот кој е оставен околу контеѓерите на ул.,,Иво Лола Рибар,, **Недостатоци не се констатирани.**

**1 (еден)** надзор е извршен за да се констатира дали ЈКП Пролетер има едно стручно оспособено лице – управител со отпад. По извршениот надзор се констатира дека ЈКП Пролетер нема такво лице. Се донесе решение со кое ЈКП Пролетер во соодветен рок се задолже да назначи едно лице-управител со отпад. По извршениот контролен надзор се констатира дека ЈКП Пролетер има постапено согласно донесеното решение.

Со **Законот за управување со отпадот** се уредуваат правата и обврските на правните и физички лица во врска со управувањето со отпадот. Согласно пак правата и обврските на овластената инспекција за животна средина кои произлегуваат од наведениот закон истата во текот на 2022 год. извршени се **6** (**шест**) **редовни и 1 (еден) вонреден надзор.**

Редовните надзори се извршени во туристичките населби : Претор и Сливница и во с.Љубојно. Вонредниот надзор е извршен исто така во т.н Претор. Надзорите се извршени за да се констатира како правните субјекти постапуваат со отпад т.е дали уредно го собираат отпадот во соодветни садови и дали редовно го предаваат на ЈКП Пролетер. Надзорите се извршени во следниве субјекти: Конект Бич Дооел и Цоца ССЗ Компани Доо во т.н Сливница, Пропер и Море Дооел, Ресторан Галакси и Дооел Фелиситас и Дооел Медијапарк Прима во т.н Претор и Дооел Кабис ЛТД во с.Љубојно **При вршење на надзорите неправилности не се констатирани**.

Со **Законот за квалитет на амбиентниот воздух** се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух врз човековото здравје како и за животната средина како целина. **Амбиентниот воздух** е надворешниот воздух во долниот дел на тропосферата со исклучок на воздухот во работната средина.

Согласно овој закон извршени се **4** (**четири**) вонредни надзори.

**3 (три)** надзори се извршени во субјектите Дооел Свислион Агроплод, Доо Вита Рес и ПТУ ЛТД Деалтаск кои по извршените вонредни надзори со решение беа задолжени во врска со Правилник... („Сл.весник на РМ„ бр. 79/2011) да го извршта следново:

-Дооел Свислион Агроплод да пополни во електронска и пишана форма Дневник на емисии во амбиентниот воздух од стационарни извори за 2019-2020 год.

-Доо Вита Рес за 2019-2021 г.

- ПТУ ЛТД Деалтаск за 2020 год.

**1** (**еден**) вонреден надзор е извршен во субјектот Дооел Румко 91 над емисиите во воздух од стационарни изврои. После извршениот надзор субјектот со решение беше задолжен да од страна на акредитирана лабораторија изврши мерење на емисиите во воздух од стационарни извори и една копија од стручниот извештај од извршеното мерење да достави до општинскиот инспектор за животна средина. **Недостатоци не се констатирани т.е нема надминување на дозволените гранични вредности кај ниту еден од измерените параметри.**

Кај наведениот субјект согласно **Закон за води** извршен е вонреден надзор над испуштањето на отпадни води во природен реципиент. Субјектот Дооел Румко 91 со решение беше задолжен да од страна на акредитирана лабораторија изврши анализа на квалитетот на отпадната вода која од субјектот од технолошкиот процес се испушта во реката Голема Река и една копија од стручниот извештај од извршеното мерење да достави до општинскиот инспектор за животна средина. **Недостатоци не се констатирани т.е нема надминување на дозволените гранични вредности кај ниту еден од измерените параметри.**

Во текот на 2022 год. се извршија 8 (осум) вонредни ндазори согласно предходно поднесено барање за увид на лице место.

**-1 (еден) вонреден надзор** е извршен согасно **Закон за животна средина** врз основа на телефонска пријава за ископ на песок од речно корито. Лицето Ружди Хоџа беше пријавен дека врши ископ на песок од катастарска парцела во КО Царев Двор. Беа составени **два вонредни записници** со цел констатирање на фактичката состојба. Се донесе решение со кое му се нареди на наведениот **веднаш и континуирано да запре со активностите** и при тоа **веднаш да превземе активности за враќање на животната средина во првобитна состојба.** По извршениот контролен надзор се констатира дека **е постапено согласно наведеното.**

